Сендвич за појадок или за ручек, Wolt ги открива интересните навики на Македонците

Понекогаш најдобрите гастрономски задоволства се и наједноставните. Свежо печено лепче, омилен фил, малку сос и комбинација што секогаш го погодува вкусот. Сендвичот одамна го надмина статусот на брз оброк и стана вистински мал гастрономски свет, во кој традиционалните рецепти се среќаваат со модерните кулинарски трендови.

А кога најмногу ни се јаде сендвич? Изгледа дека денот најчесто го започнуваме токму со него. Податоците од Wolt откриваат дека утринските часови се најпопуларниот период за нарачување сендвичи, додека паузата за ручек е веднаш зад нив. Сепак, навиките се разликуваат од град до град, додека во Скопје сендвичите се утрински фаворит, во Битола, Охрид и Тетово најчесто се избираат за ручек.

По повод Светскиот ден на сендвичот, кој се одбележа на 3 ноември, Wolt ги открива најпопуларните избори на својата платформа, а нарачките покажуваат дека љубовта кон добро познатите вкусови успешно опстојува покрај желбата за нови и интересни комбинации.

Традиционалните вкусови сè уште се меѓу фаворитите. Сендвичот со свинско месо, чорбаџискиот сомун и сендвичите со ќебапи се високо на листата на најнарачувани специјалитети. Нивната популарност потврдува дека домашните вкусови имаат посебно место во секојдневниот избор, без разлика колку нови гастрономски трендови се појавуваат.

Сепак, љубителите на сендвичи не се плашат да пробаат нешто поинакво. Fat Pork, Chilli Cheddar, Triple Cheese и The One and Only се само дел од комбинациите што го

привлекуваат вниманието. Крцкаво пилешко, топен кашкавал, пикантни сосови и богати месни филови покажуваат дека и наједноставниот оброк може да добие сосема нов карактер.

А кога ниту една комбинација не е доволно добра, најдобро е сами да ја создадеме. Токму опцијата „Креирај сендвич или врап“ се издвојува како најнарачуван производ во анализираната понуда на Wolt. Изборот на сопствена комбинација очигледно им одговара на корисниците кои точно знаат што сакаат - повеќе месо, дополнително сирење, омилен сос или нешто сосема поинакво.

Разновидноста не завршува тука. Од сендвичи со пршута и мортадела, преку пилешко со песто, до комбинации со авокадо и зеленчук, понудата покажува колку различни вкусови можат да се најдат меѓу две парчиња леб. Некои останууваат верни на класиката, други постојано бараат нов фаворит, но заедничко им е уживањето во оброк што лесно се вклопува во секојдневието.

И токму во тоа е шармот на сендвичот. Подеднакво добро одговара за пауза на работа, ручек во движење или опуштена вечер дома. Може да биде едноставен или богат со состојки, традиционален или инспириран од светските кујни, но секогаш нуди можност за избор според сопствениот вкус. А преку Wolt, разновидните вкусови од локалните ресторани се лесно достапни, без разлика дали денешниот избор е класичен сендвич со ќебапи или некоја сосема нова комбинација.

Зашто, кога станува збор за добар сендвич, најважно е она што се крие меѓу две парчиња леб.

Контакт детали

Lidija Mirić Mičetić
Communications Manager for the Adriatic and North Macedonia
lidija.miric.micetic@wolt.com
+38599 7348 652

Копирај линк

https://press.wolt.com/mk-MK/274239-wolt/